**Микотрит 3 вагинален крем 2%**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 7 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

1. Што претставува Микотрит 3 вагинален крем 2% и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го употребите Микотрит 3 вагинален крем 2%
3. Како да го употребувате Микотрит 3 вагинален крем 2%
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Микотрит 3 вагинален крем 2%

**Микотрит 3 вагинален крем 2%**
**Clotrimazole**
- Активна супстанција: 1 g вагинален крем содржи 20 mg клотримазол
- Помошни супстанции: бензил алкохол, цетил палмитат, цетил алкохол, октилдодеканол, полисорбат 60, сорбитан стеарат, прочистена вода.

**Име и адреса на производителот и носител на одобрението за ставање во промет:**
Бионика Фармацеутикалс ДОО,
ул. Скупи бр. 57, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

## 1. Што претставува Микотрит 3 вагинален крем 2% и за што се употребува

Активната супстанција клотримазол е дериват на имидазол со широк спектар на антимикотично дејство. Клотримазол дејствува на тој начин што го инхибира создавањето на ергостерол, што доведува до структурни и функционални оштетувања на цитоплазматската мембрана.

Микотрит 3 вагинален крем 2% се употребува за лекување на инфекции на половите органи (вагинитис) што ги предизвикуваат габи (најчесто Candida), трихомонас и суперинфекции со бактерии чувствителни на клотримазол. За посигурно лекување на инфекции предизвикани од трихомонас вагиналис, потребно е да се зема перорален трихомонацид. Такво комбинирано лекување се препорачува само по точно определена дијагноза.

SHKUP
СКОПЈЕ

M2

Микотрит 3 вагинален крем 2% се употребува и за лекување на габични инфекции на срамните усни и околното подрачје и инфекција на главата и кожичката на машкиот полов орган што ја предизвикале квасни габи (кандиден вулвитис и кандиден баланитис).

**Пакување:** алуминиумска туба со 20 g вагинален крем и 3 апликатори

**2. Што мора да знаете, пред да го употребите Микотрит 3 вагинален крем 2%**

**Немојте да го употребувате Микотрит 3 вагинален крем 2%, ако:**
- сте пречуствителни на клотримазол, цетил алкохол или на некоја од другите помошни состојки во лекот.

**Особено внимавајте со употребата на Микотрит 3 вагинален крем 2%**
Ве молиме консултирајте се со лекар ако имате:
- треска (температура од 38°C или повеќе)
- болка во долниот дел на абдоменот
- болка во грбот
- вагинален исцедок со непријатен мирис
- гадење
- вагинална хеморагија
- болка поврзана со рамото

Цетил алкохол може да предизвика локална иритација на кожата (на пр. контактен дерматитис).
Лекот содржи приближно 10 mg бензил алкохол во 1 g крем. Бензил алкохолот може да предизвика алергиски реакции.

**Користење на Микотрит 3 вагинален крем 2% истовремено со други лекови**
Истовремена употреба на вагинален клотримазол со орален такролимус (FK-506; имуносупресив) може да доведе до зголемени вредности на такролимус и сиролимус во плазмата. Во такви случаи ќе бидете внимателно следени од Вашиот лекар за симптоми на предозирање со такролимус и сиролимус, ако е потребно преку детерминирање на соодветни плазматски вредности.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек*
Иако не постојат контролирани клинички студии кај бремени жени и доилки, епидемиолошките испитувања не даваат никакви индикации дека може да се очекуваат штетни влијанија врз мајката и детето кога клотримазол се употребува за време на бременост или доење. Сепак, како и со сите други лекови, клотримазол треба да го користите во време на бременост и доење само откако е направена проценка од страна на Вашиот лекар. За време на бременост лекувањето треба да се изведе со вагитории, бидејќи тие можат да се внесат без апликатор.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Не се забележани влијанија врз способноста за возење или ракување со машини

**3. Како да го употребувате Микотрит 3 вагинален крем 2%**
Лекот треба да го употребувате како што е наведено во упатството (освен ако лекарот не одреди поинаку). Доколку не сте сигурни посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт. Ако не се придржувате кон упатството, лекот нема да дејствува правилно. Навечер внесете го вагиналниот крем што е можно подлабоко во вагината (видете дел **Начин на употреба**). Тоа најдобро се постигнува доколку лежите на грб, со малку свиткани нозе.

За лекување на вагинални инфекции
Секоја вечер непрекинато во текот на 3 дена испразнете ја содржината на 1 апликатор (приближно 5 g) во вагината.

За лекување на кандиден вулвитис и кандиден баланитис
Микотрит 3 вагинален крем 2% нанесете го во тенок слој и втријте го на заболените места 2 до 3 пати дневно (надворешните полови органи до анусот кај жени, главата и кожичката на пенисот кај мажи). Лекувањето обично трае 1-2 недели.

Општо
Доколку симптомите продолжат повеќе од 7 дена, може да имате медицинска состојба која бара лекување од лекар.
Доколку симптомите се повторат во период од 2 месеци треба да побарате совет од лекар.
Бидејќи вагината и срамните усни се обично истовремено инфицирани, потребно е да се лекуваат двете подрачја комбинирано.
Ако истовремено се инфицирани срамните усни и околната регија, треба исто и локално да употребите крем за надворешна употреба (на пр. Микотрит™ 1% крем).
Потребно е да се лекува и сексуалниот партнер ако се присутни симптоми како чешање, воспаление и т.н.
Не треба да се употребува за време на менструалниот циклус. Терапијата треба да заврши пред почеток на менструацијата.
Не треба да користите тампони, интравагинални туширања, спермициди или други вагинални производи за време на употреба на Микотрит 3 вагинален крем 2%.
Препорачливо е избегнување на сексуален однос за време на употреба на вагиналниот крем, бидејќи инфекцијата може да се пренесе на партнерот, а ефикасноста и безбедноста на производите од латекс, како кондоми и дијафрагми, може да биде намалена.
Лекот е наменет за употреба кај возрасни и деца над 12 години.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENSIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Начин на употреба**

Извадете го апликаторот од пакувањето. Извлечете го клипот од апликаторот се додека не запре.



Отворете ја тубата и прицврстете го на неа апликаторот. Наполнете го апликаторот со внимателно притискање на тубата.



Тргнете го апликаторот од тубата и вметнете го подлабоко во вагината (најдобро лежејќи на грб, со малку свиткани нозе) и притиснете го клипот додека потполно не се испразни апликаторот.



Извадете го и фрлете го празниот апликатор. Секој пат користете нов апликатор.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Микотрит 3 вагинален крем 2% е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го употребите Микотрит 3 вагинален крем 2%**

Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Нанесете ја пропуштената доза колку можете поскоро и продолжете со остатокот од Вашето лекувањето како и обично.

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, Микотрит 3 вагинален крем 2% може да има несакани дејства, иако не се појавуваат кај сите пациенти што го користат*

Наведените несакани реакции на лекови се базираат на спонтани пријави, така да не е можно да се групираат според честотата.

Пореметувања на имунолошкиот систем: алергиски реакции (несвестица, низок притисок, тешко дишење, уртикарија)

Пореметувања на репродуктивниот систем и дојките: генитален пилинг, непријатност, болка во карлица, оток, иритација, чешање, исип, жарење

Пореметувања на гастроинтестиналниот систем:
абдоминална болка

**Пријавување на несакани дејства**

Ако приметите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува и несаканите дејства кои не се споменати во упатството. Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот

центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.
Преку пријавување на несаканите дејства, можете да помогнете да се обезбедат повеќе податоци за безбедноста на овој лек.

**5. Чување и рок на употреба на Микотрит 3 вагинален крем 2%**
*Лекот чувајте го на места недостапни за деца!*
Да се избегнува контакт на лекот со очите. Да не се голта.
Да се чува на температура до 25°C.

**Рок на употреба**
30 месеци

Микотрит 3 вагинален крем 2% може да се употребува 4 недели по отварање на тубата ако се чува на температура до 25°C.

Лекот не смее да се употребува по изминување на датумот што е наведен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадните води или со отпадокот на домаќинствата. Посоветувајте се со Вашиот фармацевт како да ги исфрлите лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки придонесуваат за заштита на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Март 2022 година

**Број и датум на одобрение за ставање на лекот во промет**
11-3521/2 од 09.09.2020